Ванчо ЃОРЃИЕВ

УДК: 329(=163.3)„18“

# ОДНОСИТЕ ПОМЕЃУ *ТМОРО*[1] И БУГАРСКАТА ВЛАДА НА КОНСТАНТИН СТОИЛОВ (1896-1898)

***Кратка содржина***

*Во трудот ги презентираме односите помеѓу Тајната македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО) и бугарската влада на премиерот Константин Стоилов во периодот од 1896 до 1898 година. Карактерот, интензитетот и содржината на односите помеѓу овие два субјекти зависел од нивните цели, интереси и разбирања за македонското прашање. ТМОРО се залагала за политичка автономија на Македонија во рамките на Осмалиската империја. Притоа автономијата најчесто се подразбирала како преодна етапа кон создавање на македонска држава. Од друга страна бугарската влада ја поддржувала идејата за автономија на Македонија, но како преодна етапа за присоединување на Македонија кон Бугарија. Во периодот 1896-1898 година, ТМОРО настојувала од бугарската влада да добие материјална и финансиска помош за ослободителното дело во Македонија. Притоа настојувала да ја зачува својата самостојност. Од друга страна, бугарската влда во тоа гледала можност да воспостави влијание и контрола врз ТМОРО за да ја насочи нејзината дејност според потребите на бугарската политика во Македонија. Поради тоа во 1898 година дошло до заладување и прекин на односите.*

***Клучни зборови:*** *МАКЕДОНИЈА, БУГАРИЈА, ТМОРО, ЦК на ТМОРО, БУГАРСКА ВЛАДА, БУГАРСКИ ПРЕМИЕР, ТРГОВСКИ АГЕНТСТВА, ОРУЖЈЕ, ПАРИ, ПРЕГОВОРИ, ОДНОСИ.*

Содржината, карактерот и интензитетот на односите помеѓу бугарската влада и Тајната македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО) зависел од целите, интересите и потребите

[1] Во разгледуваниот период, Организацијата на македонското националноосл-ободително движење официјално користела две имиња. Првото е Македонска револуционерна организација (МРО) кое се користи од основањето (1893 г.) до Солунскиот конгрес (1896). Второто име – Тајна македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО) официјално се користи од Солунскиот конгрес (1896) до Рилскиот конгрес (1905), кога била преименувана во Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација (ВМОРО).

на овие два субјекта. Македонското прашање земало централно место во надворешната политика на Бугарија. Без исклучок, сите бугарски влади се залагале за присоединување на Македонија кон Бугарија. Во таа смисла, меѓу пооделните бугарски влади, разлика постоела само во методите и тактиката за остварување на целта.[2] Бугарските политички кругови имајќи ја превид сложеноста на македонското прашање и можните комликации од настојувањето за директно присоединување на Македонија кон Бугарија се декларирале за поддршка на идејата за автономија на Македонија, а притоа дискретно верувале дека тоа треба да биде преодна етапа за присоединување на Македонија кон Бугарија по примерот на Источна Румелија. Оваа поимање јасно е дефинирана во извештајот на Второто политичко одделние при министерството за Надворешни работи на Бугарија. Во таа смисла во него се вели: „Автономијата, ако таа се оствари, нам не ни е потребна како одвлечен принцип на слободата. Таа, треба да биде или бугарска автономија или никаква. Во таа точка нема средина".[3] Оттука произлегува задачата „Од една турска Македонија, ние треба да создадеме една цела, неделива и бугарска Македонија".[4] За реализација на овие интереси бугарската влада, покрај другите средства и методи настојувала да го контрлолира и канализира македонското ослободително движење согласно своите цели. Во тој контекст треба да се разгледува тенденцијата на бугарската влада за воспоставување и одржување на односи со ТМОРО која се наметнала како неизбежен клучен фактор во македонското прашање.

Од друга страна, ТМОРО според својот Устав имала за цел „да ги сплоти во едно цело сите незадоволни елементи во Македонија и Одринско, без разлика на народност, за извојување преку револуција полна политичка автономија за тие две области".[5] Иако, формулацијата „политичка автономија" не добила поширока елаборација во официјалните организациски документи, ова идеја неофицијално била сфаќана како преодна етапа кон создавање на независна маке-

---

[2] Ванчо Ѓорѓиев, Политиката на Бугарија кон Македонија и ВМОРО 1904-1906 година, Историја, XXXIV-XXXV/1-4, Скопје, 1998/1999, 27.

[3] Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ од 1906 година за состојбите во Македонија и ВМОРО и бугарската политика кон нив, Историја, XXXIII/1-2, Скопје, 1997, 89.

[4] Исто, 103.

[5] Член 1 од Уставот на Тајната македонско-одрнска револуционерна организација. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. 1, Скопје, 1981, 331.

донска држава,[6] или најмалку барем како јатка за идна Балканска федерација[7].

Со оглед на така зацртаната цел ТМОРО имала огромни материјални потреби (оружје, муниција и пари). Оттука Организацијата била во хронична беспарица и материјален дефицит. Самофинасирањето и другите облици за стекнување со материјални добра биле во перманентен расчекор со оглед на потребите на ослободителното движење. За задоволување на материјалните потреби ТМОРО воспоставила односи со македонските емигрантски организации во Бугарија, со македонствувачките фактори во бугарското општество и со бугарската влада.

Првите контакти помеѓу ТМОРО и бугарската влада се воспоставени во времето на премиерот Константин Стоилов. По четничката акција (1895) и меѓународното признавање на кнезот Фердинанд, владата на Стоилов ја напушта политиката на активирање на македонското прашање и се враќа на лојалната политика спрема Османската империја со намера да стекне нови бенифиции за егзархиското црковно-училишно дело во Македонија.[8] Оттука оваа влада ја откажала подршката на Врховниот македонски комитет и прифатила соработка со ТМОРО.

Најверојатно Дамјан Груев е првата личност од ТМОРО кој остварил контакт со официјален претставник на бугарската влада. Летото 1896 година (при заминувањето или при враќањето од Белгија) Борис Сарафов и Антон Бозуков го претставиле Груев пред воениот министер Рачо Петров, кој на „своја лична одговорност“ му ветил 2000 пушки „Мартинки“.[9]

Веќе во јуни 1896 г., Ѓорче Петров имал средба со премиерот Константин Стоилов. Во врска со тоа К. Стоилов во својот дневник на 22 јуни (ст. стил) 1896 г., запишал: „Георги Петров од Прилеп, жител во Македонија и агент на военото министерство за Македонија: има почва за револуција во Македонија; владата треба да ги држи конците, затоа е потребно да се вооружи населението; бара 5-10 000

---

[6] Ванчо Ѓорѓиев, Автономијата - тактика или цел на МРО, 100 години Илинден 1903-2003. Прилози од научниот собир одржан на 6-8 мај 2003 година, том I, МАНУ, Скопје, 2005, 258 -263.

[7] Ванчо Ѓорѓиев, Бугарски документ за состојбите во Македонија и ВМОРО..., 97.

[8] Светозар Елдъров, Българските правителства и Вътрешната македоно-одринска революционна организация (1896-1912), 100 години Вътрешна македоно-одринска революционна организация, София, 1994, 71-72.

[9] Ѓорче Петров, Спомени. Кореспонденција, (вовед, коментар и редакција проф. Љубен Лапе), Скопје, 1984, 84; Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско 1878-1903, София, 1980, 127.

пушки и по 100 000 лева; предлага тие пари да се земат заедно со егзархиските суми, а егзархот за нив да издаде расписка".[10] Ѓорче инсистирал 300 од пушките да бидат „манлихери", 300 „маузер маринович", а останатите било какви, но по можност „хенри мартини".[11] Освен тоа од владата е побарано да се заложи пред Егзархот за отстранување на главниот егзархиски училишен инспектор Васил К'нчов како непожелна личност во Македонија и да се влијае кај егзархот и кај Лазаров (началник на училишниот оддел при Егзархијата) за приложување на списокот на учители кој бил подготвен од Организацијата.[12]

Точно еден месец потоа (22 јули ст. стил) премиерот К. Стоилов имал средба со Христо Матов. Тој бил препорачан од скопскиот егзархиски митрополит Синаесиј како негово „доверливо лице".[13] За оваа средба К. Стоилов во својот дневник запишал: „Матов, директор на училиштата во Скопје; революционерната идеја е многу распространета во Македонија; српската пропаганда не е опасна; рускиот конзул помага на србите; има потреба од оружје".[14]

Во врска со ветената помош од бугарската влада, Ѓ. Петров го ангажирал Димитар Венедиков да ги држи во тек со настаните, практично да ја исполнува улогата на посредник, додека ЦК на ТМОРО не испрати свој постојан претставник во Софија.[15] Впрочем ТМОРО од порано одржувала добри односи со офицерите од дисиденскиот комитет и со нивно посредство и со помош на министерот Рачо Петров била воспоставена комуникацијата со бугарската влада.[16]

Кон крајот на 1896 година бугарската влада почнала да ги отпушта првите количини оружје за потребите на ТМОРО. Тоа ја забрзало одлуката на ЦК на ТМОРО да го назначи Гоце Делчев како постојан задграничен претставник во Софија. Одобреното оружје било од застарен тип „кримки" кои биле исфрлени од употреба во бугарската армија. Оружјето се дистрибуирало преку трговската куќа на браќата Иванови која го откупила по симболична цена. Браќата Иванови го убедувале Ѓ. Петров дека тие од себе поклонуват 3000

[10] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 127.

[11] Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, том 2, София, 1995, 165; Архив Христо Матов. (Към историята на културно-просветните и революциони борби на македонските и тракийските българи в края на XIX и началото на XX век), Документален сборник, София, 2004, 22.

[12] Архив Христо Матов..., 22.

[13] Исто, 21.

[14] Исто, 22; К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 127.

[15] Ѓ. Петров, Спомени.Кореспонденција..., 84.

[16] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 172.

пушки и дека од владата имале дозвола уште за 3000 пушки. Според Ѓ. Петров во зделаката била замешана „цела тајфа“, а браќата Иванови на военият министер, полковникот Иванов му изградиле цела куќа, а премиерот Стоилов се правел „глув“.[17]

Несомнено браќата Иванови правеле малверзации со ова оружје, манипулирајќи ги двете страни. Поради тоа на 2. 01 1897 г. (ст. стил), Гоце Делчев имал получасовна средба со премиерот Стоилов. Притоа истакнал дека браќа Иванови манипулираат со пушките што се даваат за Македонија и побарал интервенција од страна на владата. По две седмици на 17. 01 1897 (ст. стил), премиерот К. Стоилов го повикал Мишо Иванов и му побарал сметка за „воените материјали“.[18]

За да ја задржи контролата врз ТМОРО, бугарската влада за подарените пушки не дала патрони. Во врска со тоа министерот Иванов на Ѓ. Петров експлицитно му рекол: „Не сме будали да ви дадеме фишеци, така силата ја држиме во свои раце, инаку вие ќе се одвратите од нас”.[19] Независно од тоа според Ѓ. Петров овие пушки го зацврстиле авторитетот на Организацијата и самодовербата кај населението.[20] Според претседателот на ЦК на ТМОРО – Христо Татарчев, тоа оружје „даде еден голем импулс за развој на агитацијата во земјата“, меѓутоа „користа од подарокот на кримките беше незначителна во споредба со пакоста која ѝ се нанесе на Организацијата бидејќи тој факт потхрануваше со надежи и на тојначин можеше да се отклони од нејзиниот првобитен принцип... подоцна се создаде штетно сфаќање за делото за бесплатното оружје“.[21]

Откако биле примени околу 4000 пушки, натамошната испорака била прекината поради заладување на односите. Причина за тоа било настојувањето на владата да го следи распоредувањето на оружјето и да се меша во внатрешните работи во Организацијата.[22] Премиерот Стоилов сметал дека не треба да се испраќа оружје во Одринско „за да не настрада бугарскиот елемент таму“.[23] По оваа прашање Ѓ. Петров имал личен спор со премиерот Стоилов.

---

[17] Ѓ. Петров, Спомени.Кореспонденција..., 84.

[18] Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи..., т, 2, 165.

[19] Ѓ. Петров, Спомени.Кореспонденција..., 92.

[20] Исто.

[21] Д-р Христо Татарчевъ, Вътрешната македоно-одринска революционна организация като митологична и реална сѫщност, София, 1995, 91.

[22] Ѓ. Петров, Спомени.Кореспонденција..., 89.

[23] К. Пандев, Националноосвободителното движение...,173.

По овие настани најпрво доаѓа до заладување, а потоа до промена во односите помѓу владата на К. Стоилов и ТМОРО. Оваа состојба коинцидира со три настани: 1. Отварањето на бугарските трговски агенства во Македонија; 2. Појавата на Тајното бугарско револуционерно братство во Солун; и 3. Ослабнатите позиции на Врховниот македонски комитет.[24]

Преку своите агенства владата воспоставила директна комуникација со ЦК во Солун со тенденција да се воспостави целосна контрола над ТМОРО. Притоа како механизам за притисок врз ЦК, владата го користела ривалското „Револуционерно братство" кое било во контакт со владата и под непосредна контрола на трговскиот агент Атанас Шопов.[25] Со именувањето на секретари во Агенствата на луѓе блиско до македонското дело (ВМК), владата од една страна ги поткопувала позициите на ВМК во Софија, а од друга, преку нив настојувала да го наметнува своето влијание врз македонското ослободително дело – предводено од ТМОРО. Оттука не случајно Т. Карајовов бил именуван за секретар во агентството во Битола, Н. Наумов во Скопје и Стаматов во Солун.[26] Во комбинациите на Стоилов се нашол и Ѓ. Петров кому му било понудено секретарско место во Солун. Со тоа се настојувало Ѓ. Петров, „најпрвопрво, политички да се изолира и компромитира... а потоа, по можност, под покровителство на трговскиот агент во Солун... да се претвори во послушно бугарско орудие".[27] Сепак на тој пост се нашол Стаматов, близок со Ѓ. Петров и македонствувачките офицери. Меѓутоа, набрзо по именувањето Стаматов дошол во судир со агентот А. Шопов поради што тој бил отстранет.[28]

Бугарската влада особено сметала на трговскиот агент во Скопје - Димитар Ризов кој бил задолжен да ги води преговорите со ТМОРО. Тој, всушност играл „двојна улога".[29] Доближувајќи се до ЦК, Ризов убедувал дека Организацијата без поддршка на бугарската влада неможе да постигне ништо и доколку таа се објви против владата, би можела да настрада. Поради тоа ги предлагал сопствените услуги, но под услов да се прифаќат неговите совети. За отсварување на своте намери, Ризов заговарал отстранување на Ѓ. Петров од Софија и негово преместување во Одрин, Дамјан Груев од Солун да

---

[24] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје, 2003, 246.

[25] Исто, 247.

[26] К. Пандев, Националноосвободителното движение...,173-174.

[27] Димитар Димески, Гоце Делчев, Скопје, 1994, 80.

[28] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 174, белешка 191.

[29] Ѓ. Петров, Спомени.Кореспонденција..., 90.

се премести во Серес, а Пере Тошев со кого имал лични познанства, да дојде во Солун.[30]

Д. Ризов пред бугарската влада тврдел дека ТМОРО претставува значајна сила во Македонија, врз која тој има влијание. Независно од својот професионален ангажман како агент на бугарската влада, според Ѓ. Петров, Ризов се држел „најдобро од сите".[31] Според Татарчерв, Ризов се „држел џентламентски", ја заштитувал „тезата на бугарската влада", но пред неа ги застапувал и интересите на Организацијата.[32] Во тоа време ЦК на ТМОРО „имал воспоставено јасна политика: полна независност во раководството на револуционерното дело... такашто личното пријателство или каква и да било врска во тој случај не повлијаела врз луѓето на ЦМК врз нивната политика, ниту по однос на идејните разбирања".[33]

Д. Ризов со погледите на Стоилов го запознал и Бугарскиот егзарх. Притоа потенцирал дека учебното дело, духовенство и Револуционерната организација треба да бидат независни едно од друго, дека ТМОРО треба да биде „во помош на официјалната бугарска политика" и дека ЦК не треба да превзема револуционерни активности додека не се разреши прашањето за берати и реформите.[34]

Покрај Д. Ризов во односите со ЦК на ТМОРО бил инволвиран и трговскиот агент во Солун А. Шопов. Министерството за надворешни работи на 24. 09. (ст.стил) 1897 го известува Шопов, дека „Кнежевската влада е на мнение дека не е благовремено и во интерес на нашите дела во Македонија, Кнежвеското трговско агентство да благопријатствува по каков било начин, да дејствува на тамошните револуционерни комитети, особено против секакво собирање на пари во корист на внатрешните комитети".[35]

На 12. 12 1897 (ст. стил) К. Стоилов побарал Д. Ризов да посочи начин како „би можело да се постигне воспоставување на круг, се разбира по можност на безопасност – на една таква хармонија меѓу револуционерната организација и кнежевските агенти, која би можела да користи како громоспроводник на секакви изненадувања и катастрофи; да ја извлече таа орагнизација од севозможни експлоатации, на кои што е изложена во овој момент и кои претставу-

---

[30] Исто, 90.

[31] Исто.

[32] Д-р Христо Татарчевъ, Вътрешната..., 92.

[33] Исто.

[34] К. Пандев, Националноосвободителното движение...,174.

[35] Државен архив на Македонија (ДАРМ), ф. Бугарски генерален конзулта (БГК) Солун, 1896-1915. мф. 4274, Софија, 24. 09 1897, No. 340.

ват најголема опасност за неа, и истовремено да ја насочи нејзината дејност во исклучива корист на нашето црковноучебно дело во Македонија и против очајните усилби на српската пропаганда".[36] На 20. 01. 1898 (ст. стил) Ризов го известил премиерот Стоилов дека ТМОРО е „согласна да врви рака за рака со бугарската влада и нејзините агенти во Македонија"[37] при следните услови:

1. Бугарската влада да ја почитува самостојноста на ТМОРО и да не се меша во нејзините дела „ниту непосредно, ниту преку своите агенти".

2. Бугарската влада да преземе мерки против преминувањето на разбојничките банди од Бугарија во Македонија.

3. Бугарската влада „да ја превземе врз себе грижата за назначување како егзархиски учители на оние членови на револуционерната организација, кои биле, се, или можат да бидат учители во Македонија".

4. Владата да и наложи на Егзархијата да постави тројца раководители на Организацијата за училишни инспектори во Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает.

5. Владата да даде оружје за пограничните области на Солунскиот и Скопскиот вилает, а за Битолскиот и дел од Солунскиот вилает да даде пари за набавка на оружје од Грција.[38]

Овие услови на ТМОРО агентот Ризов ги оценил како „целесобразни, прифатливи и ... неминовни".[39] Според Ризов откако ќе се постигне хармонија помеѓу бугарската влада и ТМОРО, последната „ќе стане еден вид тајна бугарска влада во Македонија".[40]

Наспроти Ризов, агентот во Солун – А. Шопов, гледал поинаку кон ТМОРО. Тој на 28. 01 1898 (ст. стил) на К. Стоилов му пишува дека раководителите на ТМОРО се однесувале како да имаат силна подршка од бугарската влада, или барем кај нејзините врховни претставници. Тие и пишувале на Егзархијата да им забрани на учителите да земаат учество во „Револуционерното братство".[41] Шопов оценува дека за бугарската влада би било многу покорисно доколку дејноста на Организацијата е насочена против другите пропаганди во Македонија. „Тоа е нејзиното поле, за нејзина корисна дејност. Прашањето за ослободувањето на Македонија не треба да стои во рацете на

[36] К. Пандев, Националноосвободителното движение ...,175.
[37] Исто.
[38] Исто 175-176.
[39] Исто, 176.
[40] Исто, 177.
[41] Атанас Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма, София, 1995, 72.

комитети и Организацијата, туку во рацете на бугарската влада која треба да диктира, а диктатите буквално да се исполнуваат ... Собирањето пари преку заплашувања и убистава, пренесувањето оружје, пропуштањето чети и сл. се бескорисни работи и многу штетни. Сите тие оружја, пари и чети ... не се против Турците, туку против самата бугарска влада, ... Кога ќе дојде време тие оружја да бидат потребни, тие многу лесно и многу брзо можат да се пренесат и раздадат ... Впрочем, Организација, но Организација против пропагандите, најмногу против српската".[42]

Извештајот на Шопов повлијаел кај премиерот Стоилов. Тој откако ги проучил поставените услови од старана на ТМОРО на 31. 01 1898 (ст. стил) одговрил на Ризов. Притоа потенцирал дека ТМОРО треба да биде „внимателна при изборот на лицата", бидејќи „некои лица што минуват пред револуционерната организација за апостоли, се тајни агенти".[43] Овде се алудира на Ѓ. Петров со кого биле нарушени односите.[44] Стоилов се согасува дека преминувањето на чети од Бугарија во Македонија било штетно. Тој начелно го прифаќа третиот и четвртиот услов од ТМОРО, но се сомнева дека тие можат да се исполнат бидејќи Егзархијата „во последно време покажува големи стремежи кон самостојност, таа се стреми да го монополизира македонското дело и да го отстарни коклу што може учеството на бугарската влада во него".[45] Петтото барање за Стоилов било „многу природно", но според неговите сфаќања. Затоа испратил писмо до трговските агентства во кои се определува односот на агентставта кон ТМОРО. Според тоа Организацијата била „еден од факторите за развојот на бугарската политика во Македонија", таа „треба да се наоѓа во искрени односи спрема бугарската влада, да биде под нејзина контрола и во постојана хармонија со неа".[46] Според упатставата на Стоилов трговските агенти требало да бидат во врска во раководителите на ТМОРО и да влијаат врз нив за тие да бидат во „хармонија со погледите и програмата на кнежевската влада".[47] Во практика тоа значело потчинување на Организацијата на бугарската влада и игнорирање на првиот услов на ТМОРО за почитување на нејзината самостојност.

---

[42] Исто, 72-73.

[43] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 177.

[44] Во писмото до А. Шопов од истиот ден се истакнува дека „Прочуениот патриот Ѓорче Петров е турски шпион". (Исто, 177, белешка 198).

[45] Исто, 177.

[46] Исто, 178.

[47] Исто.

Во врска со шестото барање Стоилов истакнал дека владата во тој момент не располага со пари за набавка на оружје од Грција. Оружјето било полесно да се внесе од Бугарија. Но, тоа пак, било опасно бидејќи можело да се открие, како во Виничката афера. Затаоа потребното оружје можело да му се раздели на населнието од страна на Бугарија, кога ќе дојде време за дејство.[48]

Евидентно бугарскиот премиер К. Стоилов не прифатил ниту еден од условите на ТМОРО. Притоа настојува Организацијата да ја стави под своја контрола и во функција на бугарската политика спрема Македонија, особено во борба против српската пропаганда. Очигледно спротивставените интереси на бугарската влада и ТМОРО меѓусебно се исклучувале.

Сепак, К. Стоилов посакал директни разговори со некој од раководителите на ТМОРО. Како таков од страна на солунскиот агент А. Шопов е препорачан Дамјан Груев. Притоа Шопов потенцирал дека Груев бил училиштен инспектор во Солун по препорака на министерот Рачо Петров и дека неговото инспекторување било колку да се прикрие неговата револуционерна дејност. Како негови кореспонденти во Софија се посочени Ѓ. Петров и поранешниот секретар во трговското агенство во Солун, Стаматов, кој работел по негови упатства.[49]

Во меѓувреме Шопов продолжил да го известува Стоилов за состојбите во ТМОРО и нејзините методи на делување.[50] Притоа во извештајот од 27. 02 (ст. стил) 1898 г., потенцира: „Како што денес стојат работите, ако таа (ТМОРО б.н.) не се стави во ред и дисциплинира преку Софија, јас предвидувам лоши работи, катастрофи и тука (Македонија, б.н.), лоши работи и во Бугарија“.[51]

Во март 1898 година на пат за Софија Д. Груев поминал низ Цариград и се сретнал со Егзархот. Притоа ја обвинил Егзархијата дека „се наоѓа во тесни врски со бугарската влада и со нејзините трговски агентства во Македонија“. Од своја страна Егзархот се поплакал на кнезот Фердинанд поради односот на ТМОРО кон Егзархијата и „ги искажал своите стравувања за бугарското дело ако

[48] Исто.

[49] Исто, 179.

[50] Во таа смисла во својот извештај од 27.02 (ст. стил) 1898 г Шопов пишува: „Следствено може да се следаат сите нејзини (на ТМОРО б.н.) стапки, но да се влијае, да се предодвраќаат нејзините ризични дејствија, да не и се дозволува со заплашување и убиства да се собираат пари и да не пренесува и раздава оружје, тоа не може да се постигне“. (А. Шопов, Дневник..., 75.)

[51] А. Шопов, Дневник..., 75.

таа дејност продолжи“.[52] За разговорите помеѓу премиерот Стоилов и Д. Груев дознаваме од писмото на Стоилов до Шопов од 25.04. (ст. стил) 1898 година. Разговорот протекол врз основа на претходно изградените принципи од двете страни. Во врска со тоа Стоилов пишува: „Мојата цел беше да видам што гонат тие господа, да им дадам да разберат дека тие score неможат да ни ги налагат нам, на владата, нивните погледи, и ако сакаат да работат корисно, тие треба да се во хармонија со нас. Сакав да ги ангажирам водачите на Организацијата да работат за нас, бидејќи јас мислам дека постоењето на Организацијата како средство за пробудување на народното чувство и како средство против нелојалните дејства на спротивните нам пропаганди е нешто корисно. Наместо таа пропаганда да стои под влијание на неодговорни луѓе со сомнителен патриотизам и уште посомнителен здрав разум, подобро е да се наоѓа под контрола на владата“.[53]

Во врска со барањето на оружје и пари за негова набавка од Грција, Стоилов го повторил пораниешниот став дека е опасно да се дава бугарско оружје и дека владата нема пари за набавка од Грција. Притоа на Груев му рекол: „кога ќе настапи часот за дејство и (кога б.н) нашите војски (ќе б.н) стапат во дејства и се најде за корисно населението во Македонија да се стави во дејство, тогаш нашата влада ќе ја има грижата да го снабди населението со потребното оружје“.[54] Сепак, Груев колку за поттик на крај побарал да им се отпушти една мала сума. Следниот ден секретарот на владата го информирал Груев дека конечниот одговор ќе го добие преку агентот Д. Ризов. Всушност Столиов планирал да го повика Ризов на консултации во Софија, а потоа да донесе конечна одлука.[55]

На 23. 03 (ст.стил) 1898 г. Стоилов го известил Ризов за разговорот со Груев. Притоа истакнал дека треба да се види со него, но тој да остане во Скопје, бидејќи постоела опасност ТМОРО да превземе некакви дејства по средбата на Стоилов со Груев.[56] Од своја страна Ризов констатирал дека Груев бил „разочаран и едвај ли ненавреден“.[57] Стоилов ја пролонгирал средбата со Ризов применувајќи тактика на исчекување. Во меѓувреме преку А. Шопов го поттикнувал на протидејство Бугарското револуционерно братство.[58]

---

[52] К. Пандев, Националноосвободителното движение...,179.
[53] А. Шопов, Дневник..., 78.
[54] Исто.
[55] Исто.
[56] К. Пандев, Националноосвободителното движение...,180.
[57] Исто.
[58] Исто.

Соочена со недостигот од пари ТМОРО ја продолжила својата практика на заплашување и изнудување. Поради тоа Шопов го предупредува премиерот Стоилов дека треба да се превземат „мерки, зашто би имало лоши последици за делото“.[59] Неговите настојувања да ги отстрани од таквите дејства не дале резултати. Притоа Д. Груев му изјавил дека ако „имале други извори, немало да собират пари со сила и убивање“ и дека „владата не си стоела на зборот и не била искрена спрема Организацијата“. Освен тоа Груев потенцирал дека ТМОРО не може да ја сообрази својата политика со бугарската влада, туку ќе работи самостојно и со неа ќе се бори како со сите противници.[60]

Затегнатите односи помеѓу ТМОРО и бугарската влада не се промениле ниту по средбата на Д. Ризов со премиерот К. Стоилов која се одржала во почетокот на јуни 1898 година. Тогаш Ризов побарал владата да отпушти извесна сума „за тековните разноски и издршка“ и нејзино содејство при назначувањето на одредини лица од ТМОРО за егзархиски учители.[61] Притоа инсистирал Ѓ. Петров „да се мавне од Бугарија, каде ги брка со својата весникарска и подземна дејност, и да се испрати во оние пунктови на Турција, каде ќе биде безопасен“.[62]

За разлика од Ризов, неговиот колега во Солун – А. Шопов размислувал поинаку. Тој на 27.08 (ст.стил) 1898 година се пожалил на премиерот Стоилов од постапките на Ризов. Посебно инсистирал да се имаат предвид неговите препораки „кога ќе дојде време за назначување на македонските учители“.[63] Шопов смета дека владата не треба да се меша при назначувањето на учители во Македонија. Според него „тоа начело е многу штетно ... Бугарската влада нека ги постави принципите, а Егзархијата самостојно да ги назначува учителите“. На крај Шопов вели: „Мачно мие да разберам од што се раководи г-н Д. Ризов и предлага да се прифатат неговите пет точки, од кои повеќето се директно спротивни на политиката на Кнежевската влада и на официјалните упатства кои ни ги давате“.[64]

Овој извештај предизвикал силен ефект кај премиерот Стоилов. Оттука на 3. 09 (ст.стил) 1898 година Стоилов издал специјално

---

[59] А. Шопов, Дневник..., 80.

[60] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 180-181.

[61] Исто, 181. Според К. Пандев, Ризов изгледа не ги изложил сите барања на ТМОРО. Тие главно се однесувале за Скопје, а тој веројатно дејствувал самостојно. Меѓутоа, според еден извештај на Шопов се добива друг впечаток дека Ризов препорачал назначување на учители секаде, но не и ово неговиот округ. (А. шопов, Дневник..., 82-83.).

[62] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 181.

[63] А. Шопов, Дневник..., 82-83.

[64] Исто, 83.

окружно во кое е определен односот на Бугарија и на трговските агентства спрема ТМОРО.[65] Според окружното: а) Организацијата е еден факт, која може да има влијание врз развојот на самосознанието кај Бугарите во Македонија и врз бугарската надворешна политика; б) Должност на трговските агентства е да се запознаат со Организацијата и со нејзините активности и над неа да стекнат такво влијание „така што не ќе може да прави ништо спротивно од погледите на бугарската влада“.[66] Меѓутоа, Стоилов со жал констатира дека „во последно време, таа Организација е падната во нечисти раце и од една институција која треба да има патриотска цел, таа станала една банда од разбојници, која на овој начин нашла можност да се прехранува и обогатува ... Тоа во моите очи е чисто разбојништво и ако кнежевската влада успее да фати некои од тие разбојници, бидете сигурни дека тој ќе ги почувствува сите строгости на законот за разбојници ... Бугарската влада во иднина нема да се застапува за оние што дејствуват против нејзините погледи“.[67]

Поаѓајќи од овие изводи премиерот Стоилов на своите трговски агентства во Македонија им порачува: 1. Агентите да ја следат Организацијата и нејзините дејства, но „строго да внимават да не земат учество“. Тие да бидат „објективни набљудувачи“ но не и „соучесници – дејци, уште помалку интелектуални раководители”. Да ги спроведуват ставовите на владата. 2. Учебното дело да се чува колку што може подалеку од Организацијата. Нејзиното мешање во тоа ќе има компромитирачки карактер, бидејќи турската влада добро ги знае нишките на Организацијата и чека погоден момент со еден удар да постигне поголеми резултати. 3. Организацијата да не се меша во рабоатат на духовенството и на црковните општини. На крај се потенцира: „Организацијата денес се наоѓа во сомнителни раце и досегашните резултати се само штетни. Тоа ни налага кон неа да бидеме сомнителни и скептици“.[68]

За содржината на окружното од премиерот Стоилов, ЦК на ТМОРО дознал пред тоа да стаса во Солун. Кога А. Шопов го повикал Христо Татарчев за да го запознае со содржината на окружното тој му одговорил дека: „не сака да слуша непријатни работи“.[69] Слично одговориле и останатите. Според Шопов најмногу ги засегнал тер-

---

[65] Исто, 84-85; Величко Георгиев – Стайко Трифонов, История на Българите 1878-1944 в документи, том I, 1878-1912, част втора, София, 1996, 343-344.

[66] В. Георгиев – С. Трифонов, История на Българите..., 343.

[67] Исто.

[68] Исто, 343-344.

[69] А. Шопов, Дневник..., 87.

минот „разбојници“. Поради тоа ЦК пуштил гласини дека Стоилов се каел за издаденото окружно и дека другите министри од владата биле против и дека тоа им било соопштено од Софија.[70] Провокацијата за ЦК на ТМОРО била уште поголема, бидејќи Шопов окружното го прочитал пред трговците во Солун.[71] Испровоциран од страна на премиерот Стоилов, ЦК на ТМОРО на 27. 09 (ст.стил) 1898 г., испратил остар протест.[72] Во него меѓу другото се вели: „Тоа известување, право кажано, го зачуди и изненади Централниот Македонско-Одрински револуционерен комитет. Го зачуди и го изненади, зошто Комитетот никогаш не можеше да си помисли, дека еден ден ќе се најде високопставен Бугарин, којшто би се дрзнал да квалификува по таков начин едно дело, кое специјално си поставило за цел да служи на најсветиот идеал на неослободеното македонско-одринско население... Известувањето уште повеќе го зачуди и изненади Комитетот, зашто високопоставениот Бугарин е истиот тој, којшто до пред една седмица, во својството на човек, којшто стои на чело на политиката на бугарското кнежество, не само што го одобрувал постоењето на Организацијата, туку и се допишувал со неа и нејзините луѓе, водел преговори, ветувал поддршка“.[73] Во писмото се потенцира дека „едно бугарско распоредување против Организацијата ни се гледа сосема страно, за да не кажеме апсурдно; тоа исполнува чисто турска ролја: да се уништи Организацијата“. Понатаму се потенцира: „Така или инаку, Организацијата, еднаш родена, по никој начин не може да се уништи. Нејзините работници нема да се откажат од својата преднацртана цел; тие нема да се стреснат од никави заплашувања и од никави задкулисни, подземни дејствија. Тие можат да се судат во кнежеството по законите за разбојниците, но тогаш правосудство ќе биде Г-н Стоилов, а не бугарско правосудство... И ако најсетне некои раководители на Организацијата паднале или ќе паднат под ударите на страшаната судба и на неразбрано - создадените тешки околности од нивни еднородноци, – Организацијата пак не ќе загине, какошто не ќе загине нејзиниот извор – самото население. Населението преку својата Организација ќе се мачи да не остави да зависи неговата судбина од благонаклонетоста на Европа и уште помалку – од соображенијата на одделни лица, коишто (под притисок или од нејасно сваќање) можат да му повлечат разни „надворешни сфери на влија-

[70] Исто.
[71] Д-р, Х. Татрчев, Вътрешната..., 92.
[72] Архив Христо Матов..., 37-40.
[73] Исто, 38.

нија“,[74] „Као заклучок Комитето го искажува своето крајно сожалување, дека се наоѓаат високопоставени Бугари, кои пречаат на слободниот и правилен развој на Организацијата, наместо да ја остават на мира, ако не и да и помагаат...“[75]

Истовремено ЦК на ТМОРО наредил бојкот против бугарските трговски агентства.[76] За ублажување и изгладување на конфликтот владата го задолжила Д. Ризов. Преку него владата отпуштила 10 000 лева за Организацијата. Но таа изјавила дека нема да ги прими парите бидејќи „не сака да стане орудие на бугарската влада“.[77] Токму поради тоа Стоилов одговорил преку Ризов дека тој немал намера да ја претвори Организацијата во орудие за спроведување на сопствени цели, туку дека тој сакал да бидат во хармонија и да не се дејствува без негово знаење и согласност. Како и да е Д. Ризов со парите отпатувал со Солун. Меѓутоа, Татарчев одбил да ги прими. На заминување Ризов парите ги оставил на маса велејќи „Вие сега може да го фрлите во морето“.[78] За време на престојот во Солун 23. 11. (ст. стил) 1898 г. Ризов на широко се среќавал со членовите на ЦК на ТМОРО. Тој разгласил дека поради окружното од страна на Стоилов дека тој веќе неможе да служи во Македонија и ќе бара друга служба. Истовремено го предупредил Шопов дека Организацијата ќе го ликвидира бидејќи го разгласил споменатото окружно. Ризов го посоветувал Шопов да не биде против насилното собирање пари од страна на ТМОРО бидејќи и самата влада и отпуштила пари на Организацијата.[79] Како и да е оваа скромна владина парична помош од 10 000 лева (500 наполеони) не променила ништо во односите помеѓу бугарската влада и ТМОРО.[80] Во почетокот на наредната година владата на Столиов паднала, а ТМОРО останала понастарана од официјалните бугарски кругови.

---

[74] Забелешката „надворешни сфери на влијанија“ се однесува на српско-бугарската спогодба од 1897 година за сметка на Македонија. Според Христо Татарчев, тоа било лична опомена како на „министер, дека Македонија не една колонија, која би можела да се третира на сфери на влијанија, и дека македонскиот народ не може да трпи слични комбинации за дележот на неговата родна земја“ ( д-р Х. Татрчев, Вътрешната..., 94.).

Во врска со тоа Ѓ. Петров вели: „Рачо (Петров, б.н) се опушти да ми каже дека се воделе преговори за поделба на сфери на влијанија... Овој и сличните признаци ни вдахнаа увереност дека има опасност да се прават политички комбинации на наш грб и без наше знаење. Тоа не натера да бидеме уште попретпазливи и посамостојни во своите акции, да не даваме можност да се правт слични комбинации за сметка на Македонија“. (Ѓ. Петров, Спомени.Кореспонденција..., 94.)

[75] Архив Христо Матов..., 40;

[76] Д-р, Х. Татрчев, Вътрешната..., 94.

[77] К. Пандев, Националноосвободителното движение..., 184.

[78] Д-р, Х. Татрчев, Вътрешната..., 94.

[79] А. Шопов, Дневник..., 88.

[80] С. Елддъров, Българските правителства и Вътрешната..., 73.

За време на преговорите, премиерот Стоилов преку своите агенти во Македонија дејствувал двосмислено. Овие игри придонеле ТМОРО да го промени „почетното мислење за општата искреност на бугарската влада кон ослободителното дело (што б.н) било проста наивност“.[81] Во секој случај Организацијата разбрала дека „Бугарија се однесува егоистички“.[82] Токму тоа ја турнало Организацијата на „самостоен пат“[83] за да сфати дека само тоа што ќе го постигне со сопствени сили „ќе биде сигурно постигнато“.[84]

(Рецензент: *доц. д-р Далибор Јовановски*)

[81] Ѓ. Петров, Спомени. Кореспонденција..., 94.
[82] Исто, 95.
[83] Исто.
[84] Исто, 94.

Vancho GJORGJIEV

# RELATIONSHIPS BETWEEN SMARO AND THE BULGARIAN GOVERNMENT OF CONSTANTINE STOILOV (1896-1898)

## Summary

*The main purpose of this supplement is to present the relationships between the Secret Macedonian Adrianople Revolutionary Organization (SMARO) and the Bulgarian government of Constantine Stoilov during the period of 1896 up to 1898. The character, intensity and contents of their mutual relationships depended from their aims, interests and understandings of Macedonian question. The main object of SMARO was political autonomy of Macedonia within the framework of the Ottoman Empire. The autonomy of Macedonia according the views of SMARO was the first phase towards creation of independent Macedonian state. On the other hand, the Bul-garian government was supporting the idea for autonomy of Macedonia, but as a first step towards its unification with Bulgaria. During the period from 1896 up to 1898, SMARO was endeavoring to take some material and financial aid from Bulgarian government for its activities for liberation of Macedonia without harming its independence. It was quite logical that with the giving a support to SMARO, Bulgarian government saw an opportunity to make some influence and control over the Macedonian organization with the aim to direct its activities according the needs of Sofia's government in Macedonia. That was the main cause for the ceasing of their mutual relationships in 1898.*